#ReForMediaMKD

*Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза*

# ЗАКОНОТ ВО СЕНКА НА ПОЛИТИЧКОТО ТОЛЕРИРАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

**Скопје, 2017**

Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза

ЗАКОНОТ ВО СЕНКА НА ПОЛИТИЧКОТО ТОЛЕРИРАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

Издавач: Македонски институт за медиуми

За издавачот: Билјана Петковска, директорка на МИМ

Автор: д-р Ненад Живановски

Стручна редакција: Бранкица Петковиќ, Мировен Институт, Љубљана, Словенија

Лектура: Виолета Караџовска-Стојанова

Дизајн и печатење: Винсент графика

Анализата е подготвена во рамки на проектот *„#РеФорМедиаМКД* – Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера“, кој го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми и Мировниот институт од Љубљана.

Проектот е финансиран од Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е целосна одговорност на авторот и на Македонскиот институт за медиуми и во никој случај не ги одразува ставовите на ЕУ.

# ЗАКОНОТ ВО СЕНКА НА ПОЛИТИЧКОТО ТОЛЕРИРАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

*Автор: д-р Ненад Живановски*

## 1. ВОВЕД

Говорот на омраза е феномен во комуникациските процеси што е присутен во Македонија од нејзиното осамостојување, со различен интензитет на негово јавно манифестирање. Позабележителна ескалација на проблемот со говорот на омраза беше регистрирана за време на воениот судир во 2001 година, со изразит антагонизам во интеретничките релации. За среќа, краткиот период на траење на конфликтот, значеше и кратко присуство на агресивниот говор на омраза во јавниот дискурс.

Втора изразита манифестација на говор на омраза е забележена поинтензивно од 2009 година, и тој има свој импакт и до денешно време. За ваквиот говор на омраза е карактеристично што тој е хетероген, со широк спектар на рефлексија врз социјални групи и заедници: од интер и интра етничка конфликтност во јавниот дискурс, до омраза кон групации диференцирани по религиски (не)убедувања, политичка припадност, полова различност или сексуална определба.

Според некои анализи, како пресвртна точка за ескалација на овој говор на омраза се зема писмото пратено во 2009 година, од тогашниот премиер и претседател на ВМРО-ДПМНЕ **Никола Груевски** до членовите на партијата, во кое тој барал од целокупното членство мобилизација за да се започнела последната битка со остатокот од транзицијата и нејзините политичари.[1]

Тогаш формулираната политичка агенда за конфликтност во јавниот говор е континуирано присутна до денес. Како резултат на повиканата партиска мобилизација, граѓаните на Македонија во изминатите години беа сведоци не само на говор на омраза, туку и како тој се трансформира во насилство од омраза, за што има повеќе примери: физичкото насилство врз студентите што протестираа против градење црква на плоштад, демолирањето на Општина Центар, вербалните и физичките напади врз повеќе новинари што критички ја опсервираа работата на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, до најновиот упад во Собранието и обидот за линч на пратениците од новото парламентарно мнозинство на 27 април 2017 година.

Ваквиот повеќегодишен општествен амбиент, присутен и до денес, нужно води кон прашањето какви се законските можности на граѓаните за заштита од говор на омраза, колку Кривичниот законик на РМ ги санкционира општествените девијации во јавниот говор и, конечно, каква е агилноста на обвинителството и на судството во примена на постојната законска регулатива?

Овие прашања се изразито актуелни како за академската и стручната јавност, така и за пошироката популација. Од тие причини, многубројни анализи, монографии, истражувања, извештаи и научни трудови беа публикувани во изминатата деценија. Големиот волумен на публикации за говор на омраза наведува на заклучокот дека проблемот со злоупотреба на јавниот говор и омразата, материјализирана преку вербални и други форми на изразување, се сериозен проблем за македонското

[1] Беличанец, Р., (Ур.) *Црна книга*, Фондација Институт отворено општество - Македонија, Скопје, 2010. Стр. 12-15. Достапно на: https://okno.mk/sites/default/files/048-Crna-kniga.pdf.

општество, за развојот на демократијата, но и за негување и практикување култивизирана јавна дискусија и полемика.

Ова истражување ќе понуди преглед на постојната законска регулатива на правниот систем на Македонија во санкционирање на говорот на омраза, анализи на стручни соговорници за неговите слабости во имплементација и ефикасност, кои се резултат како на неконзистентноста на законските одредби така и од селективниот пристап на (политизираното) судство. Исто така, ќе се осврне на вечно полемичкото прашање каде завршува правото на слобода на говор, а од каде започнува говорот на омраза, илустрирано со конкретен случај од македонскиот медиумски реалитет.

Истражувањето кое е дел од проектот *„#РеФорМедиаМКД - Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера“* беше спроведено во периодот од февруари до јуни 2017 година. За потребите на истражувањето беа користени секундарни податоци од релевантни извори, а беа разгледувани истражувања, анализи, извештаи и други публикации од национални и од меѓународни организации. Дополнително беа направени четири интервјуа со експерти од академската заедница, судството и од граѓанскиот сектор.

## 2. ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА ГОВОР НА ОМРАЗА

Омразата искажана преку говор иако се користела и порано, во т.н. *колонијален дискурс*, дури во 20 век, со ужасите на *холокаустот* и она што ѝ претходело на *финалната пресметка* со Евреите во Германија, иницирало организираното ширење навреда и омаловажување кон цела една етничка група да почне да се третира посебно во повеќе науки, како и да се бара еден назив што би ги обединил различните манифестации на омраза кон поедини општествени групации диференцирани по разни основи.

Историски гледано, на говорот на омраза му претходеле именувања со неколку различни термини. Во доцните 20-ти и во раните 30-ти години на дваесеттиот век, говорот на омраза бил познат како расна омраза. На почетокот на 40-тите, тој бил нарекуван *групна клевета*, одразувајќи го специфичното правно прашање дали законот за клевета треба да биде проширен за да вклучува и групи, а не само индивидуи.[2] Поимот *говор на омраза*, кој многу попрецизно го одредува значењето на поопштиот израз навредлив говор, временски се појавил во широка употреба дури кон крајот на осумдесеттите и, пред сè, во текот на деведесеттите години на минатиот век, паралелно со распаѓањето на блоковската поделеност и воспоставувањето на новиот светски поредок. Потеклото на терминот е од англоамериканскиот израз *hate speech*, кој подразбира говор што содржи омраза. Англоамериканското потекло на поимот *hate speech* укажува на фактот дека јавната расправа околу говорот на омраза историски била, пред сè, американска особеност.[3]

Сепак, до општото усвојување на новата кованица говор на омраза многу полесно се дошло отколку што се успеало да се изгради универзална дефиниција што би го прецизирала неговото значење. Во најширока можна смисла, поимот говор на омраза може да се дефинира како *„секоја изјава што повикува на насилство, омраза и дискриминација против индивидуи или групи, најчесто врз основа на нивната расна, религиска или сексуална припадност“*.[4] И според научната литература за говорот на омраза, чиј обем од деведесеттите години на дваесеттиот век нагло пораснал, дефинициите за поимот говор на омраза можат да се сублимираат во следново: *„Говорот на омраза опфаќа изјави што заплашуваат, навредуваат или вознемируваат поединци или групи или такви изјави што повикуваат на насилство, омраза или дискриминација на поединци или групи. Причините за омраза или дискриминација се, главно, „раса, вера, пол или сексуална ориентација“*.[5] Она што

[2] Walker, S., *Hate Speech: The History of an American Controversy 8*, University of Nebraska Press, 1994.

[3] Beham, M., ‘‘*Govor mržnje u politici i medijima*”, објавено во Vacic, Z. (ur.), Etika javne rijeci u medijima i politici, Centar za liberalno demokratske studije, Beograd, 2004.

[4] Ибид.

[5] Brugger, W., *„Verbot oder Schutz von Hassrede? Rechtsvergleichende Beobachtungen zum deutschen und amerikanischen Recht“*, Archiv des öffentlichen Rechts, vol. 128, 2003. Стр. 372-411.

е основно значење на говорот на омраза како термин е јавното етикетирање, дисквалификација и сатанизација на одредена општествена група, која често може да биде (особено во воени услови) и најава за можна физичка ликвидација.[6]

Сепак, потрагата по една универзална дефиниција за говор на омраза е залудна, бидејќи, во реалноста, социјалните категории кон кои се упатувал говорот на омраза се зголемувале со текот на времето. Оваа еволутивност е препознаена и од организацијата *Хјуман рајтс воч,* која го дефинира говорот на омраза како *„каква било форма на изразување, која се смета за навредлива за расните, етничките и религиозните групи и другите малцинства и за жените“*. За американскиот правник **Родни Смола** *„говор на омраза е генерички термин, кој ги вклучува говорните напади базирани на раса, етничка припадност, религија и сексуална ориентација“*.[7]

Колку и да изгледаат јасни и очигледни наведените дефиниции, во практика тешко е да се одреди што точно ја исполнува фактичката состојба на говорот на омраза бидејќи станува збор за сложени комуникациски, културни и социо-психолошки процеси. Затоа, поконкретната дефиниција за говор на омраза зависи и од поширокиот општествен, историски и политички контекст. Така, во САД дефиницијата за говор на омраза цврсто се врзува за правото на слобода на говор, кое е заштитено во Првиот амандман на Уставот на САД. Во Европа, дистинкцијата помеѓу поимите слобода на говор и говор на омраза е многу појасно поставена, така што најрелевантна дефиниција е онаа што Советот на министри на Советот на Европа ја донел во 1997 година во својата **Препорака Р (97) 20.** Таму говорот на омраза се дефинира како *„сите облици на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам и други облици на омраза што се темели на нетолеранција, вклучувајќи и нетолеранција изразена со агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација или непријателство кон малцинства, имигранти или луѓе со имигрантско потекло“*.[8] Во согласност со тоа, Европскиот суд за човекови права во Стразбур го дефинира терминот како *„секоја форма на изразување што шири, поттикнува, промовира или оправдува омраза заснована на нетолеранција, вклучително и верска нетолеранција“*.[9]

Важно е да се забележи дека ова е „автономен“ концепт бидејќи Европскиот суд не се смета себеси врзан за класификацијата на домашните судови. Некогаш тој ги побива класификациите усвоени од националните судови, но и спротивно, класифицира одредени појави како „говор на омраза“ дури и кога домашните судови не ја донеле таквата класификација. Тоа значи дека може да дојде до разлика во предметите што од Судот можат да бидат оценети за говор на омраза, а за националните судови тоа да не бидат и обратно. За да се избегне тоа, се препорачува пресудите што ги донел Европскиот суд да се земат како практика што ќе биде применета и од домашните судови.[10]

Паралелно со дискусијата што се водела за утврдување јасна и применлива дефиниција за говор на омраза, била и сè уште е актуелна полемиката каде завршува правото на слобода на говор, а од каде почнува говорот на омраза; односно, дали нивниот однос е поставен во неминовна конфликтност и дали правото на слободно изразување значи и слобода да се навреди другиот, но и дали способноста на државата да го забрани говорот на омраза не значи и спроведување државна цензура и суспендирање на правото слободно да може јавно да се изразат најразлични мислења и ставови? Прашањето е комплексно и не постои едноставен одговор. Поларизираноста е максимална: од една страна е американскиот пристап, кој дозволува широко толкување на правото на слободен говор, во што често спаѓа и говорот на омраза и што станува воочливо уште во Првиот амандман на Уставот на САД, донесен во 1787 година, кој гарантира дека *„Конгресот нема да донесе закони што ќе ја ограничат слободата на говорот и печатот“*.[11] Од друга страна, европското искуство со фашизмот

---

6 Beham, M., "*Govor mržnje u politici i medijima*", објавено во Vacic, Z. (ur.), Etika javne rijeci u medijima i politici, Centar za liberalno demokratske studije, Beograd, 2004.

7 Walker, S., *Hate Speech: The History of an American controversy 8*, University of Nebraska Press, 1994.

8 Council of Europe, „*CoE Hate Speech Factsheet*“. Достапно на: www.coe.int/t/DC/Files/Source/FS_hate_en.doc.

9 Ибид.

10 Прегледот и дефиницијата на говор на омраза се дел од поширокаta елаборација публикувана во книгата на Живановски, Н., *Говор на омраза – теоретски преглед и истражување Бугарија во македонските медиуми*, Bata Press Publisher, Skopje, Macedonia, 2014.

11 U.S. Constitution -First Amendment. Достапно на: https://www.usconstitution.net/xconst_Am1.html.

и национал-социјализмот го прави континентот нетолерантен кон секаков вид промоција на расни, етнички и други дискриминаторски идеи и ставови во јавниот дискурс. Ако си дозволиме да генерализираме, би можеле да заклучиме дека САД го дозволуваат говорот на омраза речиси апсолутно, додека европското и меѓународното право го забрануваат и го казнуваат во многу случаи.

Иако, современиот либерален пристап ги опфаќа овие два идеално-типични модели, сепак, прашањето за односот меѓу слободата на говор и говорот на омраза не е црно-бела дихотомија, така што ниту говорот на омраза е конзистентно дозволен во САД ниту, пак, секогаш забрануван во Европа.[12]Нема дилема дека секоја демократската влада ќе употреби многу средства, вклучувајќи го и законодавството, за да им гарантира на граѓаните слободен говор, но слободата на изразувањето не значи дека секој може да каже што сака, по цена и да го навреди другиот. Најсилниот аргумент за тоа е дека ако говорот е агресивен и навредлив, може да ја загрози слободата на другиот.

Но, тоа е тема за посебна теоретска расправа, во која ова истражување нема да навлегува подетално.

## 3. АНАЛИЗА НА ТРЕТМАНОТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во законодавството на Република Македонија постојат одредби што го криминализираат говорот поради неговата посебна содржина. Казнено-правните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување што се состојат во поттикнување насилство или други повреди на еднаквите слободи и права на другите или изразување дискриминаторски однос кон другите.

Во опсежната *Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза*, **академик Владо Камбовски и д-р Мирјана Лазаровска-Трајковска** посочуваат дека македонскиот **Кривичен законик** (1996)[13] предвидува неколку инкриминации на говор на омраза.[14] На типот на делікт на загрозување му припаѓа потешкиот облик на делото загрозување на сигурноста (КЗ, чл.144, ст. 4). Според моделот на дело на омаловажување, во КЗ се предвидени две специјални дела на навреда врз дискриминаторска основа. Првото претставува потежок облик на делото навреда (чл. 173, ст. 2), кој се состои во јавно изложување на друг на подбив по пат на компјутерски систем поради неговата припадност на група што се разликува според расата, бојата на кожата, националната припадност или етничкото потекло, или изложување на подбив на групата лица што се одликува со некоја од тие особености (казната за потешкиот облик е парична или затвор до една година). Јавната навреда по пат на компјутерски систем ги содржи следниве елементи, кои го разликуваат од основното дело: јавно изложување на подбив, што подразбира една или повеќе навредливи изјави и други постапки на омаловажување по пат на компјутерски систем; и мотивираност на изложувањето на подбив со посебниот однос кон припадноста на жртвата на група што се разликува според расата, бојата на кожата, националната припадност или етничкото потекло, или кон групата лица што се одликува со некоја од тие особености. За постоење на овој облик на навреда, кој е образец на „говор на омраза“, треба да бидат кумулативно исполнети сите посебни услови на општото дело навреда, како и да се утврди причинско-последична врска („поради“) меѓу јавното изложување на подбив и припадноста на жртвата кон определена група, односно особеностите на самата група (дискриминација).

Специјален, потежок вид навреда е *делото изложување на подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците* што живеат во Република Македонија (КЗ, чл. 179). Делото се состои во јавно изложување на подбив со намера за исмевање на македонскиот народ и припадниците на другите, немнозински заедници, кои како делови од други народи (содржани во Преамбулата на Уставот на РМ) живеат во Република Македонија. Пасивен субјект се македонскиот народ и немно-

[12] Brugger, W., *Ban On or Protection of Hate Speech? Some Observations Based on German and American Law,* 17 TUL. EUR. & CIV. L.F. 1, 2002.

[13] Кривичен законик на Република Македонија (1996). Достапно на: http://www.pravda.gov.mk/documents/KRIVICEN%20ZAKONIK%20precisten%20%20tekst.pdf .

[14] Камбовски, В. и Лазарова-Трајковска, М., *Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза*, ОБСЕ, Скопје, 2012. Достапно на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/PDF%20Files/Pravna%20analiza.pdf.

зинските заедници; во случај на изложување на подбив на поединец, сторителот може да одговара за потешкиот облик на делото навреда (чл. 173, ст.2) или, ако е подбивањето сторено заради предизвикување национална нетрпеливост - делото предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (чл. 319). Блиски на оваа се инкриминациите на *повреда на угледот на Република Македонија, нејзиното знаме или грб* (чл. 178) *и јавно изложување на подбив на странска држава* (чл. 181).

Делото *предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост* (чл. 319) има мешовита природа: во основа тоа е дело на омраза, но содржи и покрива облици што се состојат во говор на омраза. Неговото комплексно дејство на извршување (ст.1) опфаќа не само реални дејства (присилба, малтретирање, оштетување предмети итн.), со кои се предизвикува или се разгорува национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост, туку и вербални дејства, какво што е изложувањето на подбив на националните, етничките или верските симболи, со кои се предизвикува таква последица.

Како типично дело на говор на омраза, предвидено и во други законодавства, е *инкриминирано ширењето расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем* (КЗ, чл. 394-г). Станува збор за инкриминација што се состои во ширење во јавноста, преку компјутерски систем, расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга презентација на идеја или теорија, која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување. Се казнува и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање, а делото потешко се казнува ако е извршено со злоупотреба на положбата или на овластувањата или ако поради тие дела дошло до безредие или насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери. Во однос на делото на омраза што се состои во насилство спрема поединец или група врз дискриминаторска основа, оваа инкриминација се појавува како „претходно“ дело. Тоа може да биде повод за дела на омраза, ако сторителот успее со ширење расистички или ксенофобичен материјал да создаде кај поединци омраза, која ќе се појави како решавачки мотив за извршување дело на насилство. Таквата цел на сторителот законот ја ограничува на помагање, промовирање или поттикнување омраза, дискриминација или насилство спрема друг или група, одредена според расата, бојата на кожата, националното или етничкото потекло и верската определба. Исклучено е од дофатот на оваа одредба ширењето материјал со кој се поттикнува омраза против група со други особености (политичка, социјална, јазична, полова итн.).

Типична инкриминација на говор на омраза претставува и *потешкиот облик на делото расна и друга дискриминација* (чл. 417, ст. 3). Делото може да биде извршено низ три алтернативни облици на *дејството на извршување*: ширење идеи за супериорност на една раса; пропагирање расна омраза; или поттикнување расна дискриминација. Станува збор за дејства насочени спрема поширок круг лица, што имаат за цел прифаќање став за нееднаквост и повреда на слободите и правата на луѓето врз дискриминаторска основа. Од ваквите дејства може да произлезат различни потешки облици на дискриминација, што може да се состојат во извршување и потешки дела против слободите и правата (геноцид, воени злосторства итн.). Сепак, законското битие на делото не опфаќа предизвикување на никаква последица. Делото е довршено со самото ширење фашистички идеи или преземање дејство на пропаганда или поттикнување омраза и расна дискриминација. Според објектот на заштита, оваа инкриминација не се разликува од делото *повреда на рамноправноста на граѓаните* (чл. 137).[15]

Освен Кривичниот законик на РМ, постојат и други законски решенија, кои, исто така, можат да се употребат за заштита од неетички и непрофесионални содржини на говорот.

Така, **Законот за спречување и заштита од дискриминација**[16] забранува вознемирување и по-

[15] Камбовски, В. и Лазарова-Трајковска, М., *Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза*, ОБСЕ, Скопје, 2012. Достапно на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/PDF%20Files/Pravna%20analiza.pdf.

[16] Закон за спречување и заштита од дискриминација (2010). Достапно на: http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/diskriminacija_konsolidiran.pdf.

нижувачко постапување, кое претставува повреда на достоинството на лице или на група лица, кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има за цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка средина, пристап или практика (чл. 7) и повикување и поттикнување на дискриминација (чл. 9). Законот поподробно определува дека како дискриминаторско однесување и постапување ќе се смета и секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и од јавниот сектор во јавниот живот, кое изложува некое лице на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи (чл. 5, ст. 4).[17]

Исто така и **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**[18] забранува аудио и аудиовизуелните медиумски услуги да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на државата, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност (чл. 48).[19] Една од главните забелешки на овој Закон е што иако предвидува забрана, не содржи никаква санкција за прекршителите што поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. Ова практично значи дека медиумскиот регулатор, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, нема можност да презема други мерки против медиумите што ја прекршуваат забраната, освен јавно да реагира или да се обрати и да ги извести другите надлежни институции. За разлика од неможноста да ги санкционира домашните медиуми, контрадикторно е тоа што Агенцијата, според законот, може да преземе соодветни мерки, со кои може времено да ја ограничи слободата на прием, односно на реемитување аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на РМ, доколку програмските сервиси на радиодифузери од други држави „очигледно, сериозно и тешко" ги прекршуваат одредбите од членот 48 и поттикнуваат расна, полова, верска или национална омраза и нетрпеливост (чл. 45, ст. 2).

Во сферата на медиумската саморегулација, **Кодексот на новинарите на Македонија**[20] содржи изречна одредба (т. 10) новинарите да користат говор на омраза или да поттикнуваат на дискриминација од кој било вид. Но таквата забрана е пропишана само како морална обврска, за чијашто повреда не е пропишана никаква санкција, дисциплинска постапка или друг облик на реакција на повредата на професионалните стандарди. Исто така, медиумите и новинарите што не се членови на Здружението на новинари на Македонија можат себеси да се изземат од примена на Кодексот во својата работа, без разлика што тој промовира универзално општоприфатливи етички вредности за новинарската професија.

Според изнесеното, нема сомнеж дека законодавната рамка во Република Македонија која го санкционира говорот на омраза е усогласена со меѓународните стандарди и документи. Меѓутоа, при споредба на легислативата со актуелната судска практика, се воочува сериозна недоследност во применливоста на законите од страна на јавното обвинителство и судството кога доаѓа до појава на говор на омраза, што е нотирано во повеќе домашни и меѓународни извештаи, а што во продолжение ќе произлезе и како заклучок од разговорите водени со интервјуираните соговорници.

## 4. КАКО ДО ПОЕФИКАСНИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА

Наспроти декларативните и формалните заложби, кои произлегуваат од законската регулатива, медиумскиот реалитет во Македонија, во последните години, е далеку од пристоен. Напротив, тој сè повеќе тоне на листите за медиумски слободи, за што свој придонес има и несанкционираната

[17] Михајлова, Е., Бачовска, Ј. и Шекерџиев, Т., *Слобода на изразување и говор на омраза*, ОБСЕ, Скопје, 2013.

[18] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013). Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Redakciski_precisten_tekst.pdf .

[19] Ибид.

[20] *Кодекс на новинарите на Македонија*. Достапно на: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440.

употреба на говор на омраза во медиумскиот дискурс. Најсвежа поткрепа за очајната состојба во медиумската сфера во Македонија доаѓа од Извештајот на организацијата *Репортери без граница*, каде што Македонија е рангирана на 111-то место, при што е наречена „*Балканското лошо момче*".[21] За потсетување, државата беше на 36-то место во 2006 година.

Во однос на постојната законска регулатива што го инкриминира говорот на омраза во РМ, за ова истражување беа направени разговори со повеќе експерти од правната и од медиумската сфера со нивни оцени и препораки како да се подобрат состојбите. Така, адвокатот **Филип Медарски[22]** оценува дека регулативата е несоодветна за борба со говорот на омраза, кој, како појава, е исклучително зачестен во последните години. Генералниот впечаток за поранешниот судија во Европскиот суд за човекови права **Маргарита Цаца-Николовска[23]** е дека во рамките на Кривичниот законик говорот на омраза не е доволно јасно инкриминиран, од причина што само во некои кривични дела е предвидена поголема кривична одговорност во случај ако конкретното кривично дело е сторено со омраза, а не е предвидено како засебно кривично дело. „*Од информациите што досега ни се познати, очигледно произлегува дека овој начин на инкриминација не е доволно јасно имплементиран во националната кривично-правна судска практика. Затоа е потребна широка дебата, која би придонесла кон унапредување на законската регулатива во оваа насока.*"

За истражувачот на говор на омраза во Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ, **Елена Брмбеска**,[24] проблем е што Кривичниот законик не содржи еден конзистентен член што го овозможува гонењето на говорот од омраза. „*Сосема спротивно, Кривичниот законик содржи пет членови под кои може да се подведе ширењето и промовирањето говор на омраза (чл. 179, 319, 417 ст. 3, 394-г и чл. 407-а), вклучувајќи го и ширењето говор на омраза преку компјутерски систем и негирањето геноцид. Во суштина, немањето еден конзистентен член за говор на омраза, го оневозможува ефективното гонење на сторителите. Меѓутоа, сметаме дека, иако не постои еден член за говор на омраза, постојните членови даваат доволна основа за да се поведат судски постапки против лицата што шират говор на омраза.*"

Слично становиште има и соавторот на книгата „*Слобода на изразување и говор на омраза*" **м-р Томе Шекерџиев**,[25] чиј генерален впечаток е дека регулативата е релативно добро покриена, иако има терминолошка разноликост за исти поими.

Би заклучиле дека општата оцена за законска инкриминација на говор на омраза е солидна и покрај некои недоречености, на кои укажуваат и Камбовски и Трајковска во нивната анализа, дека „*надвор од системот на казнена правда, незаслужено остануваат случаите на неспорна злоупотреба на слободата на изразување: новинарски написи или изјави преку средствата за јавно информирање, говори и изјави на претставници на политички партии со кои се поттикнува или се брани насилство, националистички и екстремистички испади на спортски натпревари, палење национални знамиња, повреда на верските чувства на карневали и на други културни манифестации итн.*"[26]

Главната дилема што се наметнува од постојната законска регулатива е колку тоа што во македонскиот Кривичен законик нема конкретна одредба што го инкриминира говорот на омраза, туку се применуваат членови што ја забрануваат дискриминацијата, расната омраза, националистичката нетрпеливост и сл., е проблем за судската практика ефикасно да ги санкционира промоторите на говор на омраза?

За адвокатот Медарски, тоа претставува сериозен проблем, а најголем показател на тежината на тој проблем е тоа што **нема ниту една правосилна пресуда, со која некое лице би било осудено за**

21 Reporters Without Borders, „*Balkans' bad boy*", RSF, 2016. Достапно на: https://rsf.org/en/macedonia.
22 Одговори на прашања добиени по електронски пат на 7 март 2017.
23 Одговори на прашања добиени по електронски пат на 22 март 2017.
24 Одговори на прашања добиени по електронски пат на 13 март 2017.
25 Одговори на прашања добиени по електронски пат на 15 март 2017.
26 Камбовски, В., и Лазарова-Трајковска, М., *Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза*, ОБСЕ, Скопје, 2012. Достапно на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/PDF%20Files/Pravna%20analiza.pdf.

**говор на омраза.** На исто стојалиште е и Брмбеска, која проблемот го гледа најмногу поради прешироkото толкување и дефинирање на говорот на омраза. *„Листата на заштитени карактеристики е отворена и вклучува премногу карактеристики што е невозможно да бидат основи за говор на омраза.“* Судијата Цаца-Николовска укажува дека со самото тоа што ваквиот начин на инкриминација е востановен веќе некое време, а националната судска практика е повеќе од скудна по однос на водени соодветни постапки, јасно е дека ова создава проблем во практиката и затоа е потребно унапредување најнапред на законската регулатива, а потоа и правилна примена во практиката.

За Шекерџиев отсуството на конкретна одредба што го инкриминира говорот на омраза не би требало да претставува значителна пречка бидејќи *„постојат задолжителни обврски (Европската конвенција и пресуди на Стразбур) и незадолжителни (меки) меѓународни обврски (Заложбите на ОБСЕ), кои лесно би ја пополниле оваа празнина. Спецификата на говорот на омраза е дека, доколку не би имало омраза во говорот, тогаш тоа би било слободно изразување, но токму елементот на омраза/предрасуда го прави специфичен и штетен.“*

Несомнено, примената на други законски одредби, како супституција за непостоењето на конкретна одредба што го инкриминира говорот на омраза е недостаток во легислативата, но не од толкав обем да е оневозможено негово ефикасно санкционирање во медиумскиот дискурс и давање правна сигурност на жртвите на говор на омраза. Главниот проблем е недоследноста и индиферентно однесување на обвинителството и судството кон промоторите на говор на омраза, при што дилема е на што се должи тоа: дали е во прашање нивен селективен однос кон т.н. провладини мегафони или тоа што сè уште во нашето општество говорот на омраза не е препознаен како реална и потенцијална опасност за општествените односи.

Ваквиот впечаток Брмбеска го коментира дека *„според нашите истражувања, како проблеми се воочени и двете дилеми, односно и непрепознавањето на говорот на омраза како општествено опасен феномен што може да предизвика негативни последици односно дела од омраза, но, од друга страна, проблем претставува и селективниот пристап во одредени случаи. Така, на пример, кривична пријава поднесена против Миленко Неделковски, кој е познат во јавноста по ширењето говор на омраза, е неколкупати одбиена од Основното јавно обвинителство и конечно прифатена откако по трет пат е вратена на повторно разгледување од второстепен суд“*.

Идентично размислува и Медарски, според кого проблемот е и во селективниот пристап на правосудните органи, односно заштитата на промоторите на говорот на омраза од одредени политички елити, но и во непостоењето соодветна регулатива, како и во непрепознавањето на опасностите од говорот на омразата. Согласна со претходните соговорници е и Цаца-Николовска, која дополнува дека индиферентноста очигледно произлегува и од поширокта неактивност и немањето волја за имплементација на своите надлежности од страна на јавното обвинителство, што доведе до формирање на *Специјалното јавно обвинителство.*

Оваа аномалија во работењето на обвинителството и на судството ја забележуваат и Камбовски и Трајковска, заклучувајќи:

> *„Во македонската практика на органите надлежни за превенција и спречување говор на омраза постои резервиран однос кон примената на законските забрани, што се рефлектира врз сосема малиот број регистрирани случаи на казнено гонење или преземање други законски мерки. Поради тоа, од судските и од службените статистики не може да се добие ни приближна слика за реалните димензии на овој евидентен општествен проблем, кој опстојува во услови на висок степен на политички тензии што имаат негативно влијание врз меѓуетничките и меѓурелигиските односи. Нивна последица се различните манифестни форми на вербални и други настапи на јавни личности (политичари, јавни личности, медиуми), кои содржат дискриминаторски пораки или поттикнуваат на омраза и насилство.“*[27]

[27] Камбовски, В., и Лазарова-Трајковска, М., *Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза*, ОБСЕ, Скопје, 2012. Достапно на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/PDF%20Files/Pravna%20analiza.pdf.

Според двајцата правници, *„реакцијата на судовите и на другите надлежни органи на таквите однесувања се сведува на спорадична и претпазлива примена на пропишаните законски мерки, проследена најчесто со медиумски објаснувања на инкриминираниот настан како изолиран случај“.*[28]

Со својот недоследен и селективен однос кон промоторите на говор на омраза, судството и обвинителството не само што придонесуваат за лошото рангирање на Македонија, туку, што е позначајно, тие учествуваат и во создавањето клима на несигурност за жртвите на говор на омраза, дека можат да бидат јавно етикетирани и нападнати, без можност да добијат правна заштита. Интервјуираните соговорници даваат свои препораки каква треба да биде идната позиција на обвинителството и на судството кон појавата на говор на омраза?

*„Односот треба да биде исклучително проактивен најнапред од страна на обвинителството, а потоа и процесуирањето од страна на судството. Ова е неопходно пред сѐ заради намалување и спречување на говорот на омраза во иднина. Неговото непроцесуирање и неказнувањето на сторителите, само доведува до охрабрување за ширење на говорот на омраза на пошироко општествено ниво“* – истакнува Цаца-Николовска.

Според Брмбеска, *„земајќи го предвид општествениот контекст, кој е еден од клучните елементи при одредувањето на говорот на омраза, како и општествено-политичките случувања во земјата, неопходно е говорот на омраза да се гони итно и неодложно. Во последниот период се воочени сѐ повеќе случаи на говор на омраза што резултираат со дела од омраза. Поради тоа, реакциите на надлежните институции мора да бидат брзи, а казнувањето на сторителите да биде пропорционално, со цел да придонесе кон општа превенција“*.

И Шеќерџиев се залага за доследно спроведување на законот барајќи односот да биде како што е пропишано во Кривичниот законик и во Законот за кривична постапка. *„Доколку има индиции за исполнување на битието на некое кривично дело, треба да се преземат соодветни чекори“*.

Според Медарски, судството и, пред сѐ, обвинителството треба да имаат многу поактивен пристап кон препознавањето и санкционирањето на говорот на омраза.

Од вака утврдената фактичка состојба, се поставува прашањето дали е нужна законска измена и дополнување на КЗ за да се потенцира казнивоста на говорот на омраза или е доволна само подоследна примена на постојните одредби.

Според Цаца-Николовска, потребна е широка дебата, подигнување на свеста на пошироко општествено ниво и потоа соодветно унапредување на законската регулатива во насока на појасно дефинирање на говорот на омраза како кривично дело, како и казнивоста на сторителите. И според Елена Брмбеска, законските измени се потребни со цел да се предвиди еден член од кој ќе произлегува и дефиницијата на говорот на омраза. *„Дополнително, казните што се предвидени за говорот на омраза, паричната казна или казната затвор, може да се дополнат со алтернативни казни (како општествено полезна работа, волонтирање и сл. – заб. на авт.), кои ќе бидат насочени кон надминување на предрасудите на сторителите и суштинско влијание врз нив, наместо само гола примена на казна, која може да даде спротивен ефект.“*

Според Филип Медарски, *„апсолутно мора да биде воведена нова инкриминација, која би ги опфатила сите облици на говор на омраза“*.

Томе Шеќерџиев, пак, смета дека правната практика ќе покаже кои се законските фалинки. *„Доколку се вршат измени на закони, без постојната регулатива да се тестира во практика, тогаш целата таа активност може да е површина.“*

Кон овие предлози на интервјуираните соговорници, би додале и дека на дополнувањето на

[28] Ибид.

Кривичниот законик на Република Македонија за делото говор на омраза, би морало да му претходи и разгледување на законските решенија што го инкриминираат говорот на омраза во некои пореферентни правни системи во европските држави и пошироко, како би се добил поквалитетен предлог-текст на новата законска одредба.

## 5. „СЛУЧАЈОТ МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ" - ПАРАДИГМА НА ЕДЕН МЕДИУМСКИ РЕАЛИТЕТ

Новинарот Миленко Неделковски за голем дел од јавноста е најпрепознаената јавна личност што во своите јавни настапи користела говор на омраза, клевета, навреда и агресивен јазик кон оние за кои оценил дека се критичари на Владата, на партијата ВМРО-ДПМНЕ и на нејзиниот лидер Никола Груевски. Почетокот на неговите публично манифестирани ставови, било преку телевизиското шоу, блоговите или постовите објавувани на фејсбук-профилот, временски коинцидира со спомнатото писмо на Груевски до членството од 2009 година. Оттогаш Неделковски, користејќи ги наведените средства за комуникација со јавноста, бесчувствително употребува говор на омраза, клевети и навредува по различни основи: национална (нарекувајќи ги Албанците навредливо Шиптари и племе), политичка – кон опозицијата, предводена од СДСМ (прогласувајќи ги за предавници, а за нејзините најекспонирани членови бара да се закопаат со бетонска плоча), сексизам (на поранешната амбасадорка на Кралството Холандија во РМ јавно ѝ се обраќа со сексуална конотација, поради физичкиот изглед, додека друга жена новинар ја навредува, исто така, поради физичкиот изглед). Многу јавни личности своеволно ги прогласува за кодоши, кои работат за странски служби, удбаши и сл., а не се воздржува одредени новинари и политичари, во пејоративна смисла, да ги дискредитира според сексуална определба, иако тие се немаат така декларирано.[29]

И покрај долгогодишното и интензивно вознемирување на јавноста со своите бескруполозни ставови, засновани на говор на омраза, навреда, клевета и закана, овој новинар, кој за себе тврди дека е близок пријател на поранешниот премиер и претседател на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и во чија телевизиска емисија *„Миленко Неделковски шоу"*,[30] во својство на премиер неколкупати гостувал Груевски, ниту еднаш не бил судски процесуиран иако, според постојната законска регулатива, повеќепати за тоа имало основа.[31] Најдалеку што се има стигнато во третирање на неговата јавна работа е изработениот Извештај на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[32] од 8 март 2016, во кој се констатирало дека со *„содржините од неколку изданија на емисијата 'Миленко Неделковски шоу', телевизијата Канал 5 ја прекршила забраната за говор на омраза од член 48 на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги [...] со тоа што последователно носи уреднички одлуки да му овозможи на авторот на емисијата да поттикнува и да шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на сексуална ориентација".*[33]

Во својот одговор на овој Извештај, од 16 март 2016, телевизијата Канал 5 се повикала на фактот дека, *„со оглед на тоа што станува збор за целосно надворешен проект, Канал 5 се оградува од личните ставови изнесени во емисијата, па се поставува прашањето од која причина би била повикана на одговорност. [...] Канал 5, зборовите што се неморални и непримерни крајно професионално ги 'покрил' со високофреквентен сигнал, со што пред целата македонска јавност покажал*

[29] За повеќе види: *„Скандалозно: Миленко Неделковски јавно објави кои се хомосексуалци и промискуитетни новинари/ки"*, онлајн медиум Exclusive. Достапно на: http://exclusive.mk/articles/27685/skandalozno-milenko-nedelkovski-javno-objavi-koi-se-homoseksualci-i-promiskutetni-novinari-ki.

[30] Емисијата во подолг временски период се емитуваше на комерцијалните ТВ-канали на национално ниво ТВ Сител, ТВ Канал 5 и ТВ Алфа, кои важат за провладини медиуми.

[31] За повеќе види: *„До кога медиумските силеџии неказнето ќе поттикнуваат насилство?"*, онлајн медиум Нова ТВ, 2 мај 2014. Достапно на: http://novatv.mk/do-koga-mediumskite-siledjii-nekazneto-kje-pottiknuvaat-nasilstvo/.

[32] АААВМУ, *„Писмен извештај за извршен програмски надзор"*, АААВМУ, 8 март 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Izvestaj_KANAL__DOOEL_Skopje.pdf.

[33] АААВМУ, *„Говор на омраза на Канал 5 Телевизија"*, АААВМУ, 9 март 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2646%3A-5-&catid=103%3Astari-info-srd-srd&lang=mk.

*и докажал дека не се согласува со термините користени од авторот на оваа емисија“.*[34]

На ваквото образложение на телевизијата Канал 5, Агенцијата на 18 март 2016 година одговорила: *„[...] повторно го пренебрегнувате фактот дека во Извештајот е прецизно објаснето зошто ова (се однесува на ‘покривање’ со високофреквентен сигнал – заб. на авт.) не го ослободува медиумот од одговорноста за уредничката одлука ваквите содржини да станат составен дел од програмската шема на Канал 5, со што Канал 5 го помага нивното ширење во јавноста“.*[35]

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8 март 2016 година пратила барање до Комисијата за заштита од дискриминација за постапување против телевизијата, за неколку изданија на емисијата „Миленко Неделковски шоу“ емитувани во јануари и февруари 2016 година. На ова барање, Комисијата на 17 октомври 2016 година одговорила: *„[...] Комисијата за заштита од дискриминација не е надлежна да постапува за ‘говор на омраза’ и ‘криминал од омраза’ како и за дела против честа и угледот односно, клевета и омраза. За последните се одлучува во постапка пред надлежниот суд. Од текстот што вие ни го праќате, евидентно е дека станува збор претежно за такви квалификации [...]“.*[36]

Како што беше погоре посочено, една од причините зошто Агенцијата не била во можност да санкционира, произлегува од самиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013), кој што не предвидува можност за казнување.

Покрај (зло)употребата на телевизијата за да ги изнесе јавно своите ставови, Миленко Неделковски е континуирано присутен со проблематични статуси и на неговиот фејсбук-профил (кој, според чл. 394 од Кривичниот законик, се смета за „компјутерски систем“ или „други средства за јавно информирање“). Така, во свој пост од почетокот на 2016 година тој има напишано:

> *„Кога ќе излеземе со народот на улица, кога ќе ни преку*чи, а тоа е наскоро, јас со мојата група ќе одам по овој ред: дома кај БГ да му го исправам погледот. Потоа кај семејството од Брајчино со шиптарска снаа. Е таму ќе има циркуси. Па кај оној што дува на полноќ. После кај СО каде ќе го барам и брат му ВО... И на крај кај Берович Бетон, да нарачам цемент за плочата. Железо 12-ка имам“.*

Во својата Одлука, Вишото јавно обвинителство изнело мислење дека овој фејсбук-статус на Миленко Неделковски со закани кон неколкумина новинари не поттикнува омраза и насилство, туку се само искажани ставови за физички лица и со тоа го одбил барањето тој кривично да се гони. Оттука, новинарот **Зоран Бојаровски** со право констатира во својата анализа дека *„Судот и обвинителството востановија феномен на неказнивост, кој создаде правна несигурност кај граѓаните и висок степен на недоверба кон органите надлежни за спроведување на правдата во Република Македонија. Зборуваме за говор на омраза, мошне сериозна појава што продуцира насилство и дела од омраза.“*[37]

Јавните настапи на Миленко Неделковски во својство на водител-коментатор на општествено-политичките настани се досега невидена и непозната појава во медиумскиот простор на Македонија и од тие причини во почетокот јавноста и експертите беа изненадени и конфузни како да се постават кон нив. Иако поделба на провладини и на проопозициски новинари и медиуми била

[34] ТРД Канал 5 ДООЕЛ „*Одговор на известување*“, 16 март 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Odgovor_na_izvestuvanje_za_konstatacii_od_programski_nadzor_od_TV_Kanal_5_Skopje.pdf.

[35] АААВМУ, „Одговор на реакција во врска со констатации од програмски надзор“, АААВМУ, 18 март 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Odgovor_na_reakcija_vo_vrska_so_konstatacii_od_programski_nadzor_do_TV_Kanal_5_Skopje.pdf.

[36] Комисија за заштита од дискриминација, „*Известување на Комисијата за заштита од дискриминација*“, КЗД, 20 октомври 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Izvestuvanje_od_Komisija_za_zastita_od_diskriminacija.pdf.

[37] Бојаровски, З., „*Од говор на омраза до насилство има само еден чекор*“, Сервис за проверка на факти, 24 јуни 2016. Достапно на: http://proverkanafakti.mk/od-govor-na-omraza-do-nasilstvo-ima-samo-eden-chekor/.

присутна на македонската медиумска сцена од самата независност на државата, сепак ваква експлицитна употреба на говор на омраза и брутална црна пропаганда кон опозицијата, темелени на паушални и, најчесто, без никаква поткрепа ставови, се нема видено не само во Македонија, туку и во поширокиот медиумски простор на регионот по војните од деведесеттите.

Узурпацијата на медиумите се состоела во тоа што без чувство за одговорност за јавно искажаниот збор и со целосно игнорирање на законската регулатива и професионални стандарди, овој новинар си дозволувал да изнесува навреди, клевети, да користи говор на омраза по различни основи на припадност, без за тоа да сноси законски санкции. Сепак, на неговата појава треба да се гледа како на посакувана од страна на власта, произлезена од општата состојба во општеството на неказнивост на луѓето блиски до владејачката елита, која беше присутна во сите години од медиумското дејствување на Неделковски, а за што осуда има изречено и Европската федерација на новинари.[38] Тоа е главната причина со која се објаснува неодговорното и непрофесионално работење на Неделковски. Обидите жртвите законски да се заштитат од неговите напади и навреди, не наидуваа на разбирањеод јавното обвинителство и од судството,[39] кое во *Извештајот на Прибе*, исто така, е оценето како непрофесионално и зависно од влијанието на власта.[40]

Би заклучиле дека појавата на Неделковски во медиумскиот простор не беше автохтон феномен или инцидент, произлезен од неговите лични убедувања, туку тоа беше добро осмислен, плански проект на власта во медиумскиот простор, како дел од севкупната состојба на *„заробена држава/state capture“* (термин со кој се именува Македонија во Извештајот на ЕУ за напредокот на државата[41]). Оттука, доколку државата се ослободи во сите сегменти за кои во Извештајот се посочува дека е заробена (вклучително и медиумскиот), тогаш може да се очекува дека ваков или сличен пример на узурпатор на медиумскиот простор ќе исчезне од јавниот дискурс, но и да се верува дека слични процеси нема да се повторат во иднина.[42]

Инаку, Миленко Неделковски не беше единствената таква појава - можеби тој претставуваше најмаркантниот дел во системот на владината медиумска стратегија за водење црна пропаганда против опозицијата и критичката јавност, меѓутоа во неа беа вклучени и други новинари со нивни емисии, какви што се *„Јади бурек“*, уредувана и водена од **Јанко Илковски**, дневникот на ТВ Сител, уредуван и воден од **Драган Павловиќ-Латас** и **Ивона Талевска**, слободниот новинар **Мирка Велиновска**, со многу чести телевизиски гостувања кај Неделковски и кај Илковски, како и со своите континуирани написи во дневните весници *Дневник* и *Нова Македонија*, но и уште многу други новинари-изведувачи на владината црна пропаганда, кои до денес не биле законски санкционирани за своите многубројни користења говор на омраза.

---

38 “*Гутиерез од Европската федерација на новинари: Груевски го поттикнува говорот на омраза*“, Фокус, 14 мај 2014. Достапно на: http://fokus.mk/gutierez-od-evropskata-federatsija-na-novinari-gruevski-go-pottiknuva-govorot-na-omraza.

39 За повеќе види: „*ЗНМ: ОЈО го штити Миленко Неделковски и ги толерира говорот на омраза и поттикнувањето насилство*“, онлајн медиум Либертас, 30 март 2016. Достапно на: http://www.libertas.mk/znm-ojo-go-shtiti-milenko-nedelkovski-i-gi-tolerira-govorot-na-omraza-i-pottiknuvaneto-na-nasilstvo/.

40 „*(ИНТЕГРАЛНО) Целиот извештај на Рајнхард Прибе за криминалот, корупцијата и прислушувањето*“, онлајн медиум Локално, 19 јуни 2015. Достапно на: http://lokalno.mk/integralno-celiot-izveshtaj-na-rajnhard-pribe-za-kriminalot-korupcijata-i-prislushuvanjeto-na-vlasta/.

41 European Commission, “*Key findings of the 2016 Report on the former Yugoslav Republic of Macedonia*”, European Commission - Fact Sheet, 2016. Достапно на http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-3634_en.htm.

42 При изработка на ова истражување беше направен обид да се слушнат и размислувањата и ставовите на Миленко Неделковски за содржината на неговите постови и јавно изнесени ставови во неговото шоу и реакциите на нив. За жал, пратениот имејл од 30 април 2017 година, остана без повратна реакција.

## 6. ЗАКЛУЧОК

За секоја демократската држава е императив да им биде гарантирано правото на слободен говор на граѓаните, при што ова право им се обезбедува како со формалната регулатива, така и со севкупната општествена атмосфера на фактичка толеранција и почитување на другоста. Меѓутоа, слободата на изразувањето не значи дека секој може да каже што сака, по цена и да го навреди другиот. Се покажало во минатото, но и денес се потврдува во многу случаи, дека ако говорот е агресивен и навредлив, тој може да ја загрози слободата на другиот. Од тие причини, мора да постојат и одредени законски санкции, кои би ја спречиле злоупотребата на слободата на говор за тој да не премине во говор на омраза.

Во законодавството на Република Македонија постојат неколку одредби што го криминализираат говорот поради неговата посебна содржина, при што казнено-правните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување што се состојат во поттикнување насилство или други повреди на еднаквите слободи и права на другите или изразување дискриминаторски однос кон другите. Во македонскиот Кривичен законик се предвидени неколку инкриминации на говор на омраза, и тоа во членовите 137, 144, ст.4, 173, ст. 2, 178, 179, 181, 319, 394-г, 417, ст. 3. Во Законот за спречување и заштита од дискриминација тоа се членот 5, ст. 4, и членовите 7 и 9. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги забраната (но, без санкција) ја наоѓаме во членот 48.

Сепак, постојната законодавна рамка, иако е генерално усогласена со меѓународните стандарди и документи, таа е, како што истакнуваа и интервјуираните соговорници, делумно и несоодветна за ефикасна борба со говорот на омраза, бидејќи во Кривичниот законик говорот на омраза не е доволно јасно инкриминиран затоа што не е предвиден како засебно кривично дело. Меѓутоа, и покрај тоа што не се содржи еден конзистентен член што ќе го овозможи ефективното гонење на говорот од омраза, ваквата фактичка состојба не може да биде оправдување за непостапувањето на јавното обвинителство и судството, а што е видливо при споредба на примената на легислативата во судската практика, каде што се воочува сериозна недоследност во применливоста на законите кога доаѓа до појава на говор на омраза.

Ваквиот резервиран однос кон законските забрани на органите надлежни за превенција и спречување говор на омраза се рефлектираше на тој начин што денес немаме ниту една правосилна пресуда во која некое лице би било осудено за говор на омраза, иако сите се согласни дека во изминативе години употребата на говор на омраза во медиумскиот дискурс била присутна како никогаш дотогаш. Непроцесуирањето на говорот на омраза и неказнувањето на сторителите, доведе до состојба поединци да бидат охрабрени да го користат и да го шират, а жртвите од таквиот говор да немаат можност правно да се заштитат.

Исто така, неактивниот пристап на правосудните органи, односно неказнувањето на промоторите на говорот на омраза, но и непрепознавањето на опасностите од говорот на омразата како општествено опасна појава, претставува сериозен проблем, кој може да предизвика негативни последици, односно дела од омраза, што е нотирано во повеќе домашни и меѓународни извештаи. Примерот со физичкото насилство врз студентите, кои мирно протестираа против изградба на црква на плоштад, е најдобар показател како планско и систематско користење говор на омраза против одредена групација, води до ескалација на насилство.

Несанкционирањето на говорот на омраза, овозможи во изминативе години да бидат донесувани професионално и етички неиздржани уреднички одлуки на некои медиуми, кои им овозможија на авторите на емисии да поттикнуваат и да шират дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на различна припадност и ориентација, а говорот на омраза, наместо да биде маргинализиран и изолиран, да претставува важен чинител на медиумскиот дискурс. Објаснувањата дека делови од говорот во кои се користела омраза и навреда се „покривале“ со високофреквентен сигнал, се неприфатливи, бидејќи **промоторите на кривичното дело говор на омраза не смеат да имаат пристап до мејнстрим медиумите, а не да се бара алиби и оправдување за уредничката одлука во тоа што**

**инкриминираниот говор не се слушал**. Конечно, авторите што употребувале говор на омраза имале можност него да го манифестираат во своите емисии и преку други форми на изразување, какви што се илустрација, пишуван говор или гестикулација (што во одредени случаи и го правеле), па се поставува прашањето како телевизијата постапувала во такви ситуации, кога освен звукот и сликата морала да биде скриена од гледачите, односно каква е смислата и јавниот интерес од прикажување таква телевизиска содржина.

Севкупниот медиумски реалитет во последниве години покажува дека судот, регулаторните тела како и саморегулаторните тела или не сакале да ги спроведат санкциите кон промоторите на говор на омраза или биле немоќни за такво нешто. И судската власт и некои медиумски работници наместо да биле брана за непрофесионалното и противзаконско работење на одредени новинари, тие се јавувале во улога на нивни заштитници и одобрувачи на слободно користење говор на омраза. Токму затоа и медиумската заедница го застапува ставот за измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013) и воведување санкции за „говор на омраза" или поттикнување насилство во аудиовизуелните програми во прекршочна постапка. Регулаторните тела во сите европски држави може да поведат прекршочна постапка и да изречат казна за говор на омраза доколку се емитува во аудиовизуелните содржини. Ваквите одредби се во согласност со членот 10 од Европската конвенција за човекови права.[43]

Сепак и покрај сите забелешки на законската регулатива, би заклучиле дека во изминатите години и хипотетички законската регулатива да била идеална во инкриминирање на говорот на омраза, таа не би можела да биде непристрасно применета бидејќи во општеството не постоела политичка клима за независно дејствување на правосудните органи и професионална работа на сите медиуми и новинари.

[43] *Предлог за итни демократски реформи*, подготвен и поддржан од 50 граѓански организации, Скопје, 2016. Стр. 28. Достапно на: http://respublica.edu.mk/attach/BP1_MKD_FINAL_08.07.2016.pdf.

## 7. ПРЕПОРАКИ

**1. Правосудните органи треба да развијат конзистентен систем на превенција и репресија на делата на говорот на омраза, со што ќе се демонстрира определбата и капацитетот на државата за доследно почитување на човековите слободи и права.**

**2. Односот на судството и на обвинителството треба да биде исклучително проактивен. Неопходно е јавното обвинителство итно и неодложно да го гони говорот на омраза, а судството да ги процесуира случаите, бидејќи во последниот период се воочени сè повеќе случаи на говор на омраза што резултираат со дела од омраза.**

**3. Потребна е широка дебата во која би учествувале претставници на медиумите, новинари, професионални медиумски и новинарски здруженија, претставници на судската власт, граѓанскиот сектор и власта која треба да понуди насоки за соодветно унапредување на законската регулатива во однос на појасно дефинирање на говорот на омраза како кривично дело и во однос на казнивоста на сторителите, земајќи ги предвид и законските решенија и нивната примена во некои пореферентни правни системи.**

**4. Потребна е широка дебата во која би учествувале претставници на медиумите, новинари, професионални медиумски и новинарски здруженија, претставници на судската власт, граѓанскиот сектор и власта, која би придонесла кон подигнување на свеста на пошироко општествено ниво во однос на говорот на омраза.**

**5. Законодавецот треба да направи итни измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и да воведе санкции за „говор на омраза“ или за поттикнување насилство преку аудиовизуелните програми, што регулаторното тело би ги процесуирало во прекршочна постапка.**

**6. Казните што се предвидени за говорот на омраза, паричната казна или казната затвор во Кривичниот законик, може да се дополнат со алтернативни казни, како општествено корисна работа, кои би ги изрекувал судот и кои ќе бидат насочени кон надминување на предрасудите на сторителите и суштински ќе влијаат врз нив, наместо само гола примена на казна што може да даде и спротивен ефект.**

**7. Граѓанскиот сектор, професионалните медиумски и новинарски организации, релевантните институции, академската заедница и други засегнати страни треба да иницираат законски измени во постојната регулатива, со цел да се предвиди еден член од кој ќе произлегува прецизна дефиниција за тоа што се потпаѓа под говор на омраза.**

**8. На судот му се препорачува директна примена на практиката на Европскиот суд за човекови права во домашните судски постапки, особено одредбите што се однесуваат на правото на слобода на изразување и неговите ограничувања од членот 10 од Европската конвенција за човекови права.**

**9. Македонското казнено законодавство треба да се реформира во насока на доследна примена во системот на казнена правда во согласност со стандардите и критериумите на Европскиот суд за човекови права.**

**10. Земајќи го предвид податокот дека не постои ниедна судска пресуда за дела за говор на омраза, професионалните медиумски организации и невладиниот сектор треба да пристапат кон изработка на „Црна книга“, во која би бил објавен список на новинари и медиумски куќи што користеле говор на омраза како и репринт на новинарски текстови со таква содржина. Објективноста на евиденцијата би се постигнала со доследна примена на дефиницијата за говор на омраза донесена од Советот на министри на Советот на Европа во Препораката Р (97) 20.**

## БИБЛИОГРАФИЈА


Латиница:

Brugger, W., *„Ban On or Protection of Hate Speech? Some Observations Based on German and American Law“*, 17 TUL. EUR. & CIV. L.F. 1, 2002.

Brugger, W., *„Verbot oder Schutz von Hassrede? Rechtsvergleichende Beobachtungen zum deutschen und amerikanischen Recht“,* Archiv des öffentlichen Rechts, vol. 128, 2003. Стр. 372-411.

Council of Europe Hate speech Factsheet. Достапно на: www.coe.int/t/DC/Files/Source/FS_hate_en.doc. Пристапено на 26 март 2017.

U.S. First Amendment. Достапно на: https://www.usconstitution.net/xconst_Am1.html. Пристапено на 3 мај 2017.

Reporters Without Borders, *„Balkans' bad boy“*. Достапно на: https://rsf.org/en/macedonia Пристапено на 4 мај 2017.

Walker, S., *"Hate Speech: The History of an American Controversy 8“*, University of Nebraska Press, 1994.

Zivanovski, N., *Hate speech: Yes or no and why not*, LAP LAMBERT Academic Publishing, Saarbrucken, Germany, 2015.

Кирилица:

Живановски, Н., *„Говор на омраза – теоретски преглед и истражување Бугарија во македонските медиуми“*, Bata Press Publisher, Skopje, Macedonia, 2014.

Камбовски, В., и Лазарова-Трајковска, М., *Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза*, ОБСЕ, Скопје, 2012. Достапно на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/PDF%20Files/Pravna%20analiza.pdf. Пристапено на 26 март 2017.

Михајлова, Е., Бачовска, Ј., Шекерџиев, Т., *Слобода на изразување и говор на омраза*, ОБСЕ, Скопје, 2013.

Беличанец, Р., (Ур.) *Црна книга*, Фондација Институт отворено општество - Македонија, Скопје, 2010. Стр. 14. Достапно на: https://okno.mk/sites/default/files/048-Crna-kniga.pdf. Пристапено на 3 мај 2017.

Новинарски статии:

Beham, M., ,*„Govor mržnje u politici i medijima‘‘*. Објавено во Vacic, Z. (ur.) 2004 *Etika javne rijeci u medijima i politici*, Centar za liberalno demokratske studije, Beograd, 2004.

Бојаровски, З., *„Од говор на омраза до насилство има само еден чекор“*, Сервис за проверка на факти, 24 јуни 2016. Достапно на: http://proverkanafakti.mk/od-govor-na-omraza-do-nasilstvo-ima-samo-eden-chekor/. Пристапено на 3 мај 2017.

*„Гутиерез од Европската федерација на новинари: Груевски го поттикнува говорот на омраза“*, Фокус, 14 мај 2014. Достапно на: http://fokus.mk/gutierez-od-evropskata-federatsija-na-novinari-gruevski-go-pottiknuva-govorot-na-omraza/. Пристапено на 16 јуни 2017.

*„До кога медиумските силеџии неказнето ќе поттикнуваат насилство?“*, Онлајн медиум Нова ТВ, 2 мај 2014. Достапно на: http://novatv.mk/do-koga-mediumskite-siledjii-nekazneto-kje-pottiknuvaat-nasilstvo/. Пристапено на 16 јуни 2017.

*„ЗНМ: ОЈО го штити Миленко Неделковски и ги толерира говорот на омраза и поттикнувањето на насилство“*, онлајн медиум Либертас, 30 март 2016. Достапно на: http://www.libertas.mk/znm-ojo-go-shtiti-milenko-nedelkovski-i-gi-tolerira-govorot-na-omraza-i-pottiknuvaneto-na-nasilstvo/. Пристапено на 16 јуни 2017

*„Скандалозно: Миленко Неделковски јавно објави кои се хомосексуалци и промискуитетни новинари/ки“*, онлајн медиум Exclusive. Достапно на: http://exclusive.mk/articles/27685/skandalozno-milenko-nedelkovski-javno-objavi-koi-se-homoseksualci-i-promiskutetni-novinari-ki. Пристапено на 16 јуни 2017.

*Предлог за итни демократски реформи*, подготвен и поддржан од 50 граѓански организации, Скопје, 2016. Стр. 28. Достапно на: http://respublica.edu.mk/attach/BP1_MKD_FINAL_08.07.2016.pdf. Пристапено на 10 мај 2017.

Законодавство и други документи:

European Commission, “*Key findings of the 2016 Report on the former Yugoslav Republic of Macedonia*”, European Commission - Fact Sheet. Достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-3634_en.htm. Пристапено на 16 јуни 2017.

АААВМУ, *„Говор на омраза на Канал 5 телевизија“*, АААВМУ, 9 март 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2646%3A-5-&catid=103%3Astari-info-srd-srd&lang=mk. Пристапено на 3 мај 2017.

Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013). Достапно на: http://avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3291%3A2017-06-28-06-55-51&catid=61%3Azakoni&Itemid=99&lang=mk. Пристапено на 26 март 2017.

Закон за спречување и заштита од дискриминација (2010). Достапно на: http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/diskriminacija_konsolidiran.pdf. Пристапено на 26 март 2017.

Комисија за заштита од дискриминација, *„Известување на Комисијата за заштита од дискриминација“*, КЗД, 20 октомври 2016. Достапно на http://www.avmu.mk/images/Izvestuvanje_od_Komisija_za_zastita_od_diskriminacija.pdf. Пристапено на 3 мај 2017.

АААВМУ, *„Писмен извештај за извршен програмски надзор“*, АААВМУ, 8 март 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Izvestaj_KANAL__DOOEL_Skopje.pdf. Пристапено на 3 мај 2017.

Кодекс на новинарите на Македонија. Достапно на: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440. Пристапено на 26 март 2017.

Кривичен законик (1996). Достапно на: http://www.pravda.gov.mk/documents/KRIVICEN%20ZAKONIK%20precisten%20%20tekst.pdf. Пристапено на 26 март 2017.

ТРД Канал 5 ДООЕЛ *„Одговор на известување“*, 16 март 2016. Достапно на:

http://www.avmu.mk/images/Odgovor_na_izvestuvanje_za_konstatacii_od_programski_nadzor_od_TV_Kanal_5_Skopje.pdf. Пристапено на 3 мај 2017.

АААВМУ, *„Одговор на реакција во врска со констатации од програмски надзор“*, АААВМУ, 18 март 2016. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Odgovor_na_reakcija_vo_vrska_so_konstatacii_od_programski_nadzor_do_TV_Kanal_5_Skopje.pdf. Пристапено на 3 мај 2017.

*„(ИНТЕГРАЛНО) Целиот извештај на Рајнхард Прибе за криминалот, корупцијата и прислушувањето“* (Препораки на Групата искусни експерти за системските прашања за владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите откриени во пролетта 2015“, Брисел, 8 јуни 2015), онлајн медиум Локално, 19 јуни 2015. Достапно на: http://lokalno.mk/integralno-celiot-izveshtaj-na-rajnhard-pribe-za-kriminalot-korupcijata-i-prislushuvanjeto-na-vlasta/. Пристапено на 16 јуни 2017.

## ЛИСТА НА ИНТЕРВЈУА

Интервју со Елена Брмбеска, истражувач, Хелсиншки комитет за човекови права, 13 март 2017, Скопје (по електронски пат).

Интервју со Маргарита Цаца-Николовска, судија, 22 март 2017, Скопје (по електронски пат).

Интервју со м-р Томе Шеќерџиев, експерт, 15 март, Скопје (по електронски пат).

Интервју со Филип Медарски, адвокат, 7 март 2017, Скопје  (по електронски пат).

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

**Ненад Живановски** има докторирано на тема Говор на омраза во политичкиот диксурс во медиумите. Фокус на академско и професионално истражување му е критичка анализа на дискурсот, говор на омраза, анализа на медиумите и новинарството од теоретски и од емпириски аспект, како и меѓународни односи, со акцент на геополитиката на Балканот во неговата понова историја.

#ReForMediaMKD Унапредување на соработката меѓу граѓанските организации, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера

Проектот е финансиран од Европската Унија

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

Mirovni inštitut
Inštitut za sodobne družbene in politične študije
The Peace Institute
Institute for Contemporary Social and Political Studies